Маргарита ПЕШЕВСКА

# ОДНОСОТ НА РОМАНИЈА КОН МАКЕДОНСКОТО - НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ОД БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Од средината на XIX век романскиот народ навлегол во нова страница од својата историја. Со одлуките на Парискиот мировен договор од 1856 год. дунавските кнежевства биле ставени под покровителство на шест европски држави и тоа: Русија, Англија, Франција, Австро-Унгарија, Германија и Италија. Оттогаш почнала борбата за обединување на двете кнежевства. Во периодот 1857-61 година се успеало да се создаде единствена држава што претставувало значаен чекор кон изградбата на независна и суверена Романија. По обединувањето со Влашка и Молдавија, Романија продолжила со своето политичко, економско и културно осамостојување.

Во оваа борба за независност во Романија се одделиле три групи и тоа: либералната група околу Јон Бртијану и Константин Росети била за политика на сојуз со Русија и водење цврста политика со Високата Порта. Во втората група влегувале најкрупните капиталисти кои биле сврзани со огромниот пазар на Империјата и се залагале да се води попустлива политика кон Турција и биле против преземање непромислени чекори кои би довеле до социјални немири во државата. Наспроти нив стоеле широките народни маси кои се стремеле кон полна слобода и независност и со симпатии гледале во борбата на потчинетите балкански народи меѓу кои и кон борбата на македонскиот народ за осамостојување од Османската Империја. На овие позиции стоеле социјалистите на чело со Николај Зубку, К. Доброжјану Герја и др.

Значајна активност по повод револуционерната ситуација во Македонија во времето на Кресненското и Разловечкото востание имала македонската емиграција во Романија. Во врска со тоа е и писмото од Македонците кои живееле во Турн Северин од 7 јануари 1879 година испратено до Натанаил Охридски. Писмото е потпишано од членовите на друштвото на Македонците и тоа Коста Христов од Охрид, Илија

Поп Јовчев од Скопје, Јанко Секулов од Вевчани, Ангел Костовиќ од Левча, Христо Најденов од Кичево, Никола Јованов од Кичево и Наум Симонов од Охрид. Во писмото е нагласено дека Македонците од сите словенски народи се најдолго останати под турско ропство и дека на Берлинскиот конгрес се решило тие да останат под османска власт. Затоа треба да се докаже на европската комисија која е испратена во Македонија дека ако се направат реформи во Македонија тие ќе бидат од краток век. Сите претходни реформи на кои се обврзала Турција да ги направи во Македонија и Балканот не биле исполнети. За одлуките на Берлинскиот конгрес во писмото се обвинуваат Солзбери, Биконсвилд и Андреоти кои биле најголеми противници за ослободувањето на Македонија. Па затоа во писмото се предлага "сега ништо не остана, туку треба да се дигнемо сички Македонци проти нашите непријатели и да пролиемо крвта за освобождението ни, за да види цела Европа да смо народ достојни за да примимо слободата и да постанему у реду мегу изображеного света са нашата ни администрација; уосталом требамо да докажемо целе Европе на јавност со оружието у руки свобода, смрт или живот".[1]

По сè изгледа дека друштвото на Македонците од Турн Северин испраќало и материјална помош бидејќи во писмото се споменува дека тие веруваат дека Централниот комитет ќе биде задоволен со оглед на тоа што тие имале мали можности и дека и понатаму ќе се трудат да соберат што повеќе помош во иднина.[2]

Романија во овој период била насочена кон решавањето на своите проблеми, па затоа многу малку посветувала внимание на настаните кои се случувале во останатиот дел на Балканот.

Но, и покрај тоа романската јавност преку печатот била добро известена за состојбите во Македонија. Иако романските новинари не известувале директно и извештаите ги добивале индиректно од странските известувачи, нивните написи во романскиот печат биле значајни за запознавање на јавноста со сè што се случувало на ова подрачје. Според написите во весниците може да се утврди дека романската јавност реагирала на овие настани. Значаен е текстот објавен во весникот "Романул" од 4 мај 1878 година, во кој населението од серскиот округ протестирало против припојувањето на Македонија кон Бугарија и ова протестно писмо го испратиле до австрискиот генерален конзул во Солун.[3] Овој весник уште на 21 октомври 1878 год. т.е. четири

---

1. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава. Том први. Скопје 1981, 263, 264

2. Ibidem

3. Milan Vanku, Rumunska javnost prema Kresnensko - Razloškom ustanku u Makedoniji 1878 - 1879 godine. - Кресненското востание во Македонија 1878 - 1879. Скопје 1982, 415

дена по почетокот на Кресненското востание известува дека во Македонија избило востание.[4]

Романскиот историчар Јорга во своето дело "Историја на балканските држави во модерната епоха" ќе напише: "Во тие услови Бугарија ќе ја сака цела Македонија, сметајќи дека е таа нејзино исклучиво право".[5] Големи симпатии кон борбите на Јужните Словени за национално ослободување покажал професорот Илија Барбулеску, кој на повеќе места кога зборува за претензиите на Бугарија и Србија кон Македонија, нагласува дека македонскиот народ не е ни српски, ни бугарски и смета дека македонскиот јазик не е ни српски, ни бугарски туку е посебен јазик.[6]

Во врска со положбата на Македонија во периодот на Источната криза пишува и историчарот Стефан Паску кој во своето обемно дело посветено на селските буни и востанија во земјите на Југоисточна Европа во периодот од пет векови, посветил простор и на буните и востанијата во Македонија. Меѓу другото тој пишува: "Така Македонија стана сцена на многу буни од 1876 - 1880 год. Сите тие почнуваа како неорганизирани акции на ајдуци и невооружени селани, па прераснуваа во организирани ослободителни движења".[7]

Интересот на Романија и нејзината јавност продолжил и по угушувањето на Кресненското востание. Преку печатот и коментарите на видни романски личности се добивале податоци за ситуацијата во Македонија. Така големиот романски историчар Константин Н. Велики сметал дека Турците биле против интервенцијата на Бугарија во Македонија која таму испраќала вооружени чети и го подготвувала народот за востание. Тој заклучил: "Бидејќи Внатрешната организација сакаше автономна Македонија, која не одговарала на бугарската буржоазија, владата во Бугарија основала еден Македонски комитет кој требало да се меша во работите на македонското револуционерно движење и да го помири со интересите на бугарската буржоазија".[8]

Но, романската влада останала понастрана од настаните кои се случувале во Македонија непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание. Премиерот на Романија Д.А. Стурдза на седницата на Парламентот од 10 декември 1901 година изјавил: "нашата дејност во Османската Империја е апсолутно и чисто интелектуална и има пред сè,

4. Ibidem
5. Momčilo D. Savić, Ustanci Makedonskog naroda u doba Istočne krize i njihov odjek u rumunskoj istoriografiji. - Кресненското востание ..., 584
6. Ibidem, 581
7. Ibid, 587
8. Ibid

да ги помага училиштата и цркվите што се на романски јазик" и тоа дека "романската влада сака да ја постигне оваа цел и не сака овие училишта да станат огништа на анархија... туку да бидат корисно огниште".[9]

Турските власти го зголемиле теророт над населението, па голем број Македонци ја напуштиле државата и се преселиле во повеќе европски држави. Некои од нив нашле сместување во Романија. Меѓу нив бил и Влавот Лазар Дума од Битола кој во 1902 година бил истеран од турските власти и отишол во Романија. Таму бил назначен за министер за надворешни работи бидејќи добро ги познавал работите на Балканот и Европа.[10]

Романскиот печат опширно известувал за настаните кои му претходеле на Илинденското востание. Така весникот "Вистина" известувал дека во Солун бил одржан конгрес на македонските ревулуционери на 24 јуни. Весникот "Реформи" во една своја статија од март 1903 година пишувал: "Наскоро самите факти ќе говорат... треба да се знае дека целокупното христијанско население на Македонија има симпатии кон революционерното движење и дека тоа со секој ден сè повеќе се вооружува".[11]

Весникот "Универсал" од 18 јуни пишувал дека се зголемил бројот на революционерните сили и дека голем број од населението им се придружувало на революционерните чети кои се намножиле. "Селаните ги напуштаат своите села, некој наоружан со срп или секира, некој пак вооружен со кремен наследен од дедовците, за чии својства се раскажуваат легенди. Со такво оружје големото мнозинство од нив се упатува кон гората, каде се наоѓаат табори на ослободителите".[12]

Романскиот печат објавил и вест за смртта на Гоце Делчев. Весникот "Реформи" пишувал дека Делчев загинал во селото Баница со единаесет другари во борба која траела тринаесет часови и потоа додава "еден знаменит човек за кој досега не се зборуваше, бидејќи е мошне скромен, тоа е Делчев. Овој човек ја има полната доверба на народот. Него сите го познаваат. Во неговиот стан еднакво доаѓаат стари селани и селанки".[13]

---

9. Desbaterile, Ananarii Deputatilor, sedinte. Cemerie od 10 dec. 1901 (Според: проф. д-р Николае Чакир и проф. д-р Гелку Масутовичи, "Илинден 1903" - во некои романски документи. - Илинден 1903, Скопје 1970, 576

10. Ibidem

11. Сава Јанковици, Одгласи на Илинденското востание во Романија. - Илинден 1903, Скопје 1970, 494, 495

12. Ibid

13. Ibid, 495

Почетокот на Илинденското востание во романскиот печат бил објавен со големи наслови во весниците и тоа: "Ширење на револуцијата во Македонија", "Нови и сериозни востанија во Македонија", "Прокламирана е општа револуција во Македонија" и др.

Почетокот на востанието бил забележан и во извештајот на романскиот конзул во Битола. Во него тој вели дека востаниците во почетокот имале големи успеси, со нив раководел Револуционерниот совет. Но Турците располагајќи со војска направиле големи штети во местата каде почнало востанието. [14]

Според министерот за надворешни работи на Романија во извештајот пред Парламентот од 9 декември 1903 година се дознава дека била испратена материјална помош на градот Крушево, како центар на востанието, уште на 14 август 1903 година. Министерот известува дека на 236 луѓе им биле доделени пари од по 350 леи.[15]

Во Романија бил создаден и фонд од 600.000 леи за помош на настраданото население од 1903 година.

Ставот на Романија кон Македонија се гледа и од изјавата на министерот за надворешни работи дека: "Сакаме да го помогнеме развојот на еден народ, со кој имаме сентиментални и роднински врски, сакаме целото христијанско население во Османлиската Империја да има цивилизирани услови за живот и мирни односи со целиот источен дел на Европа.."..."Сакаме мир на Балканот.Зошто е сигурно дека нема држава, која, повеќе од нас, во нејзиниот развој имала потреба од мир".[16]

Симпатии кон борбата на македонскиот народ покажала романската јавност која своите симпатии ги покажала и со топлиот прием на некои бегалци кои по востанието пребегале во Романија.

*

*　　*

Може да се заклучи дека Романија во овој период ја поддржувала борбата за ослободување на Македонија од вековното турско ропство и дека Македонија имала права за создавање своја самостојна и независна држава. Односот на Романија кон Македонија и македонското прашање

14. Arhiva Ministerului Afacerlor Axterne, fondul Constantinopol T. 174, Извештаите на романскиот конзул во Битола од 9. V. и 21 и 26 јули, стар стил, 1903; Види извештаите бр. 507, 518, 536, 546 (Според: Проф. д-р Николае Чакир и проф. д-р Гелку Максутовичи, Илинден 1903,... 578

15. Desbaterile Adunarii Deputatilor, 1903-1904, sed. od 4. dec. 1903, 144 (Според: проф. д-р Николае Чакир и проф. д-р Гелку Максутовичи, Илинден..., 578

16. Desbaterile..., sed. 9 dec. 1903, 141 (Според: проф. д-р Николае Чакир и проф. д-р Гелку Максутовичи, Илинден..., 579

бил различен во одделни периоди на борбата на македонскиот народ за самостојност. Во периодот непосредно по Берлинскиот конгрес кога дефинитивно не бил решен статусот на Романија официјалните власти се залагале за водење цврста политика кон Високата порта. За разлика од официјалните личности широките маси застанале на страната на борбата на македонскиот народ за независност. Кон нив се придружиле и видни романски интелектуалци. Романските власти го промениле својот однос во периодот на Илинденското востание и тогаш била упатувана и материјална помош на востаниците.

Маргарита ПЕШЕВСКА

## ОТНОШЕНИЕ РУМЫНИИ К МАКЕДОНСКОМУ НАЦИОНАЛЬНООСВОБОДИТЕЛЬНОМУ ДВИЖЕНИЮ В ПЕРИОД МЕЖДУ БЕРЛИНСКИМ КОНГРЕСОМ И ИЛЬИНДЕНСКИМ ВОССТАНИЕМ

(Заключение)

Революционные события в Македонии в период между Берлинским конгрессом и Ильинденским восстанием сильно отзвались в Румынии. Пока Румынское правительство, имея ввиду свое внешне-политическое положение, проводило политику воздержаности к событиям, происходящим в Македонии, почти все общество проявляло большой интерес к ним. В Румынии собирали помощь пострадавшему населению Македонии. Как во время Кресненского и Разловечкого восстаний, так и во время Ильинденского восстания, Румыния также праняла большое количество бежнцев из Македонии, изганных турецкими властями.

Особо важно отметить, что в Румынии преобладало мнение о том, что Македония имеет право на свое независимо государство и поэтому появились мнения официальных лиц Румынии, а также большого количества ученых, публицистов, оправдывающих справедливую борьбу македонцев за освобождение.